Друштво за компјутерски услуги
ИНТЕК СИСТЕМ ДОО
Бр. 0304/98-1/2022
08.06 2022 год.
СКОПЈЕ

– Сектор за правни работи–

Архивски број: 03-6584/1
Датум:
02-03-2022

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки -
поддршка и претплата на лиценци и одржување на систем за управување безбедносни информации и настани

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев“, бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и
2. Друштво за компјутерски услуги ИНТЕК СИСТЕМ ДОО Скопје, со седиште на ул.„Антон Попов“, бр.16Б во Скопје, претставувано од Златко Ефремов, управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на договорот е јавна набавка на стоки – поддршка и претплата на лиценци и одржување на систем за управување безбедносни информации и настани, по спроведена поедноставена отворена постапка, по оглас број 04502/2022.

Составен дел на овој договор се техничките спецификации кои се дадени како Прилог 1 кон овој договор.

II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Месечниот надомест пресметан како паушал за одржување на системот со вклучени сите активности изнесува 14.760,00 денари без ДДВ.

Единечната цена за IBM Security Guardium Collector Software Appliance Install Annual SW Subscription & Support Renewal по парче изнесува 8.339,00 денари без ДДВ.

Единечната цена за IBM QRadar Software Install Annual SW Subscription & Support Renewal по парче изнесува 90.775,00 денари без ДДВ.

Единечната цена за IBM QRadar Event Capacity 1K Events Per Second Annual SW Subscription & Support Renewal по праче изнесува 617.338,00 денари без ДДВ.

– Сектор за правни работи–

Единечната цена за IBM QRadar Software Node Install Annual SW Subscription & Support Renewal по парче изнесува 8.339,00 денари без ДДВ.

Единечната цена за IBM Security Guardium Data Protection for Databases Resource Value Unit (MVS) Annual SW Subscription & Support Renewal по парче изнесува 179.099,00 денари без ДДВ односно вкупна цена за 3 парчиња изнесува 537.297,00 денари без ДДВ.

Цените се крајни, фиксни и непроменливи за цело времетраење на договорот.

Вкупната маскимална вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 1.400.000,00 денари.

На износот од став 1 на овој член се пресметува данок на додадена вредност според законски пропишаната стапка.

Договорниот орган не е обврзан да ја искористи вкупната маскимална вредност на договорот.

III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Договорот е со важност од денот на потпишување од двете договорни страни за период до 01.03.2023 година.

IV. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Плаќањето за одржување на системот за управување безбедносни информации и настани, ќе се врши по истекот на секој месец, во рок од 30 (триесет) календарски дена, сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган за извршените услуги.

Плаќањето за поддршка и претплата на лиценците за IBM QRadar и Security Guardium, ќе се врши по реализација на обновата на поддршката и претплатата за наведените лиценци, во рок од 30 (триесет) календарски дена, сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган за извршените услуги.

Со фактурата за извршените услуги за одржување на системот за управување безбедносни информации и настани треба да има приложено работен налог потпишан со цело име и презиме од лицата вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметната набавка и лицата определени за реализација на договорот од страна на носителот на набавката.

– Сектор за правни работи–

Со фактурата за извршените услуги за поддршка и претплата на лиценците за IBM QRadar и Security Guardium треба да се достави документ/потврда дека е извршена, односно обновена поддршката и претплатата на продуктот од страна на производителот и истото да биде видливо на сметката на корисникот кај производителот.

Фактурата за плаќање за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса: ул.„Даме Груев“ бр.12, 1000 Скопје.

V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 5

Носителот на набавката е должен:

-веднаш по влегувањето во сила на договорот да пристапи кон негова реализација и да ги извршува обврските стручно и квалитетно;

-да обезбеди ефикасно и навремено извршување на предметната услуга и да ги применува соодветните регулативи за конкретниот вид на услуга, придржувајќи се кон барањата на договорниот орган;

-да дава соодветни препораки за решавање на секој проблем кој би се појавил во текот на реализација на предметната услуга;

-да му укаже на договорниот орган за било која неправилност во врска со непочитувањето на законската регулатива или било кој друг факт кој би можел негативно да влијае на исходот или очекувањата на договорниот орган и

-во рамките на извршувањето на своите обврски блиску да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметната услуга.

Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски да ги смета барањата и интересите на договорниот орган кои се предмет на овој договор за приоритетни во секое време и да го информира договорниот орган, веднаш доколку се појават одредени околности кои би влијаеле на извршувањето на активностите кои се предмет на овој договор.

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот на договорниот орган да му достави податоци за определените лица за реализација на предметниот договор.

Член 6

Носителот на набавката е должен да обезбеди превентивното и инцидентно одржување и техничка поддршка на системот, која вклучува:

– Сектор за правни работи–

1. второ и трето ниво на поддршка, кои се состојат од реактивни мерки за решавање на софтверски и системски проблеми, во склад со дефинициите на приоритети од Прилог 2 од техничките спецификации, со дефинирани процедури за пријавување на проблемите:

– превентивна системска дијагностика,
– разрешување на технички проблеми на системско ниво поврзани со функционалноста на системот,
– решавање на проблеми во функционирањето на системот врзани со евентуални промени на генералната системска околина за работа (хардверски и мрежни конфигурации, оперативен систем),
– следење на публикување на системски и сигурносни (patch) и постојано системско и сигурносно надградување (OS, System SW) на системот при издавање на надградбите,
– преинсталации, надградби и конфигурација на системот за постоечки и нови функционалности кои ги поседува софтверот, за сите уреди (извори на логови) кои се дадени во точката 2.1 од Прилог 1 од техничките спецификации, како и дополнителни нови уреди,
– отстранување на неправилности настанати поради грешки и проблеми во функционирањето на системот, преглед на оптовареноста на системот,
– преглед на сите релевантни логови на системот.

2. Отстранување на неправилности во системот, враќање на податоците и системот во исправна состојба од backup настанати поради:

– нестручна работа со софтверот со која е предизвикано нарушување и/или бришење на податоци и податочната структура,
– компјутерски вируси и друг малициозен софтвер,
– штети предизвикани од хардверски дефекти,
– штети предизвикани од дејство на виша сила (пожар, поплава и сл.).

3. Обезбедување на проектираните перформанси на системот.

4. Мониторинг на системот за следење на перформансите на системот.

5. Постојано подобрување и фино подесување.

6. Дизајн и консалтинг во случај на надградби и промени на опремата.

7. Согледување на реализацијата на обврските, односно изготвување на преглед на доставените барања за интеревнции и статусот на нивната реализација.

8. Дополнителна обука и консултации во траење до 20 часа годишно.

9. Телефонска и/или далечинска поддршка на администрација на системот.

Носителот на набавката е должен да изврши обезбедување на подршка и претплата на лиценцата за IBM QRadar и Security Guardium, до 01.03.2023 година.

– Сектор за правни работи–

VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 7

Договорниот орган е должен да определи лица кои ќе бидат задолжени за реализација на предметната услуга.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плати на носителот на набавката, во согласност со член 4 од овој договор.

Договорниот орган има право да бара извршување на набавката предмет на договорот на начин и во рок определен во техничките спецификации (Прилог 1).

VII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

Услов за потпишување на договорот е обезбедување банкарска гаранција од страна на носителот на набавката за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 5% од вкупната максимална вредноста на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Со гаранцијата носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во

седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово едностране раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

VIII. ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

Член 9

Определените лица од носителот на набавката за реализација на договорот, задолжително потпишуваат изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на Договорот.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на Договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со договорниот орган има засновано деловен или било каков друг однос. договорниот орган ги става податоците на располагање на носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

Член 10

Не се предмет на овој договор информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на Носителот на набавката и на договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на овој договор од

страна на носителот на набавката што може да се докаже со писмена документација или за кои договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

Член 11

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на договорот и во период од (5) пет години од датумот на неговото истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле подготвени или изнесени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган.

Член 12

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 9 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон. За ваквото барање носителот на набавката веднаш ќе го извести одговорното лице на договорниот орган.

Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

Член 13

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај договорниот органот.

Член 14

Носителот на набавката по писмено барање на договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган, без задржување на било

какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од овој договор и други обврски кои произлегуваат од него, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од овој договор.

Член 15

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на носителот на набавката во однос на овој договор или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од договорниот орган пред нивното спроведување.

Член 16

Одредбите од глава VIII од овој договор се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со овој договор.

IX. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска, договорниот орган може да бара остварување на своите права и исполнување на обврските од носителот на набавката или да го раскине договорот.

Член 18

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган може да остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако носителот на набавката не ја исполнил својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ниту во дополнителниот рок, договорниот орган може да го раскине договорот.

Доколку дојде до едностранo раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што

би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 19

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон другата за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа, писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на последиците од вишата сила, договорот може да се реализира, доколку неговата реализација не е завршена пред настапувањето на вишата сила.

X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување должна е своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување анекс на договорот во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 21

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои

договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

За сè што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за облигационите односи и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 22

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 23

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

Договорен орган:	Носител на набавката
Република Северна Македонија	Друштво за компјутерски услуги
Министерство за финансии	ИНТЕК СИСТЕМ ДОО Скопје
Скопје	
Dr. Fatmir Besimi	Златко Ефремов
Министер за финансии	Управител

Изработил: Марија Ангелеска/Рената Николоска
Контролирал: Даниела Танкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст

Прилог 1

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

за јавна набавка на стоки – поддршка и претплата на лиценци и одржување на систем за управување безбедносни информации и настани

Услугите кои се дадени во овие технички спецификации се однесуваат на Систем за управување безбедносни информации и настани (SIEM - security information and event management), базирано на IBM QRadar и Security Guardium продуктите со активна лиценца до 01.03.2022 година, кое обезбедува централизирано собирање, архивирање, анализа и корелирање на логовите од ИКТ системите на Министерството за финансии.

Предмет на договорот е одржување, поддршка и претплата на системот за управување безбедносни информации и настани (SIEM - security information and event management).

I. Под одржување на истемот за управување безбедносни информации и настани (SIEM - security information and event management), со даден опис Прилог 1, се подразбира:

а) превентивното и инцидентно одржување и техничка поддршка на системот:

1. второ и трето ниво на поддршка, кои се состојат од реактивни мерки за решавање на софтверски и системски проблеми, во склад со дефинициите на приоритети од Прилог 2, со дефинирани процедури за пријавување на проблемите:

- превентивна системска дијагностика,
- разрешување на технички проблеми на системско ниво поврзани со функционалноста на системот,
- решавање на проблеми во функционирањето на системот врзани со евентуални промени на генералната системска околина за работа (хардверски и мрежни конфигурации, оперативен систем),
- следење на публикување на системски и сигурносни (patch) и постојано системско и сигурносно надградување (OS, System SW) на системот при издавање на надградбите,
- преинсталации, надградби и конфигурација на системот за постоечки и нови функционалности кои ги поседува софтверот, за сите уреди (извори на логови) кои се дадени во точката 2.1 од Прилог 1 од овој документ, како и дополнителни нови уреди
- отстранување на неправилности настанати поради грешки и проблеми во функционирањето на Системот, преглед на оптовареноста на Системот,
- преглед на сите релевантни логови на системот,

2. Отстранување на неправилности во Системот, враќање на податоците и системот во исправна состојба од backup настанати поради:
- нестручна работа со софтверот со која е предизвикано нарушување и/или бришење на податоци и податочната структура,
- компјутерски вируси и друг малициозен софтвер,
- штети предизвикани од хардверски дефекти,
- штети предизвикани од дејство на виша сила (пожар, поплава и сл.).

3. Обезбедување на проектираните перформанси на системот.
4. Мониторинг на системот за следење на перформансите на системот.
5. Постојано подобрување и фино подесување.
6. Дизајн и консалтинг во случај на надградби и промени на опремата.
7. Согледување на реализацијата на обврските, односно изготвување на преглед на доставените барања за интеревнции и статусот на нивната реализација.
8. Дополнителна обука и консултации во траење до 20 часа годишно.
9. Телефонска и/или далечинска поддршка на администрација на системот.

II. Поддршка и претплата на лиценците за IBM QRadar и Security Guardium

Рб.	Part Number	Опис на продуктот/услугата	количина
1	E0ELGLL	IBM Security Guardium Collector Software Appliance Install Annual SW Subscription & Support Renewal	1
2	E0NBALL	IBM QRadar Software Install Annual SW Subscription & Support Renewal	1
3	E0NBGLL	IBM QRadar Event Capacity 1K Events Per Second Annual SW Subscription & Support Renewal	1
4	E0NEGLL	IBM QRadar Software Node Install Annual SW Subscription & Support Renewal	1
5	E0MQKLL	IBM Security Guardium Data Protection for Databases Resource Value Unit (MVS) Annual SW Subscription & Support Renewal	3

1. Обезбедување на подршка и претплата на лиценцата за IBM QRadar и Security Guardium или еквивалентно и одржување на системот за управување со безбедносни информации и настани и мониторинг на активност на базите на податоци, за период до 01.03.2023 година, која обнова и одржување треба да ја изврши носителот на набавката. Во продолжение се дадени детални информации за продуктот и потребната обнова на поддршка и претплата на продуктот.

Прилог 1

Опис на системот и барања за техничка поддршка

Системот за корелирање на логови е поставен како Virtual Appliance врз постоечка околина за серверска виртуелизација во Министерството за финансии, базирана на VMware ESXi 6.7 хипервизор.

Системот обезбедува четири основни функционалности за инфраструктурата на Договорниот орган:

- Логирање – собирање на сите логови и нивно зачувување (архивирање) на складовите на податоци во централен склад на логови;
- Автоматска анализа на активности, корелација и откривање на сигурносни закани и инциденти;
- Мониторирање – следење на сите активности и преземање на соодветни мерки согласно дефинирани правила на дејствување (политики);
- Чување на лог записите во изворна форма врз која не е можна интервенција за промена во траење од најмалку 3 (три) месеци, после кое време логовите ќе се архивираат.

1. Управување со системот и администрирање на корисници

Системот овозможува централизирано управување и конфигурирање на сите негови компоненти (модули, агенти, сензори итн.);

Воспоставени се повеќе групи корисници со различни улоги, односно привилегии со кои се обезбедува раздвојување на надлежностите на различни корисници на системот (segregation of duties), како на пример: лица за сигурност на информациски системи, внатрешни и надворешни ревизори, администратори на бази на податоци, администратори на оперативни системи итн.

Системот треба да се конфигурира на начин што доколку од некој извор на логови (log source) не пристигнуваат логови, односно системот (агент, колектор и сл.) не ги собира во текот на претходно дефиниран временски период, да се испрати нотификација (alert) до предефинирана група на корисници;

Системот треба да функционира без промени во конфигурацијата на изворите на логови, односно системите од кои собира логови;

2. Корелација на логови, откривање на сигурносни закани, дефинирање на инциденти и пребарување

2.1. Системот извршува централизирано собирање, архивирање, анализа и корелирање на логовите од следниве постоечки и продукциски системи/уреди:

Ред. бр.	Систем / платформа
1	Microsoft Windows Server 2012 Active Directory/DNS сервери со можност за надградба на повисоки верзии
2	Microsoft Windows Server 2012 базирани IIS web сервери со можност за надградба на повисоки верзии
3	Linux Ubuntu/Debian базирани WebApp (Payara, Tomcat, Jboss) сервери со можност за надградба на повисоки верзии
4	Linux Ubuntu/Debian базирани DNS и DHCP сервери со можност за надградба на повисоки верзии
5	Informix v.14 сервер (on IBM AIX v.7.1) со бази на податоци со можност за надградба на повисоки верзии
6	Microsoft SQL Server 2012 сервер со бази на податоци, со можност за надградба на повисоки верзии
7	IBM DB2 v.10 Workgroup Edition сервер со бази на податоци, со можност за надградба на повисоки верзии
8	Zimbra Collaboration Suite - Network Edition v.8.8.15 E-Mail систем, со можност за надградба на повисоки верзии
9	IBM Domino Collaboration Suite v.8.5.3 и v.9 сервери
10	Xerox DocuShare Content Management Сервер
11	Linux RedHat, Ubuntu, Debian сервери
12	Windows Desktops, Servers
13	Check Point SG5400-NGTP Firewall/IDS/IPS/TP уреди
14	CISCO ISR4331/K9 мрежен упатувач
15	Mikrotik RouterOS мрежен упатувач
16	Alcatel-Lucent OmniSwitch, Cisco Catalyst L2 и L3 мрежни преклопници
17	Ubiquity UniFi Network Controller on Debian
18	EMC VNX 5300 SAN Storage систем
19	VMware ESXi v.6.7 host сервери за виртуелизација на серверски ресурси

2.2. Системот обезбедува анализа и приказ на настаните (events) во реално време, како и нивна корелација

2.3. Системот обезбедува пребарување и филтрирање на собраните логови, пребарување на настаните најмалку по следниве критериуми:

- извор на логови, со датум и време кога е извршен настанот, со IP-адреса од каде е извршен настанот, со име на работна станица/сервер од која е извршен настанот,
- корисничко име преку кое е извршен настанот,

- Group/Role name преку која е извршен настанот,
- име на апликација/алатка со која е извршен настанот,
- име на база/фолдер/датотека до која е пристапено,
- име на објект/група на објекти од база до кој е пристапено;

2.4. Drill down опции – системот обезбедува на едноставен начин за сите настани прикажани во приказот, да се видат сите детали за секој од настаните

2.5. Во системот се дефинирање на политики, правила и прагови кои генерираат испраќање на нотификации (alerts) на предефинирана група корисници;

2.6. Системот открива на denial of service напади преку собраните информации и да обезбедува дефинирани правила (rule) преку кое се открива нападот;

2.7. Системот има дефинирани правила за откривање и алармирање на мрежен сообраќај од потенцијално ризични апликации/протоколи, кои се претходно дефинирани (како на пример peer-to-peer и сл.)

2.8. Системот врши логирање и мониторирање на активностите во системите за управување со бази на податоци во реално време

2.9. Системот врши мониторирање на одговорите (responses) кои се враќаат од страна на системот за управување со бази на податоци со цел да се контролира и спречи евентуално протекување на доверливи и/или чувствителни податоци

2.10. Логирањето и мониторирањето се врши на сите активности на базите на податоци без разлика од каде се пристапува до системот за управување со бази на податоци (локално или преку мрежа), односно 100% видливост на сите активности (како на пример: SELECT, UPDATE, INSERT, DELETE настани, стартување/стопирање на базата на податоци, креирање на логини, групи/улоги, промена на привилегии, извршување и промени на складирани процедури, тригери, погледи и извршување на други системски наредби итн.), вклучително и активностите на привилегираните корисници (администратори на бази на податоци);

2.11. Системот маскира претходно дефинирани доверливи и/или чувствителни податоци;

2.12. Системот блокира одредени активности врз основа на претходно дефинирани правила (политики);

2.13. Системот врши комплетен мониторинг на привилегирани корисници (администаратори на системот), преку инсталација на агент

2.14. Системот открива малициозни внатрешни настани и компромитирани кориснички профили преку анализа на однесувањето на корисниците. Додавањето на корисниците се прави преку импортирање од LDAP директориум

2.15. Системот генерира детален risk score за индивидуални корисници. Risk score-от се менува динамички базиран на активноста на корисникот, со што високо ризичните корисници се додаваат во листата на набљудување.

Прилог 2

Дефиниции на приоритети и максимално дозволено време на одзив

Приоритет[1]	Дефиниција[2]	On-line одзив	On-site одзив	Време на санација	Време на решавање
1 ИТНО – Дефект со многу висок приоритет, итен случај, блокирање на системот	Под приоритет 1 – ИТНО, се подразбира проблем во функционирањето на системот, или негов значаен дел, при што истиот не може да ја извршува својата функција, и предизвикува застој или го успорува нормалното работење на договорниот орган	1 час	4 часа	12 часа	1 ден
2 Сериозен дефект – Дефект кој предизвикува голем прекин во работата на системот	Под приоритет 2 – Сериозен дефект, се подразбира проблем при кој оперативните карактеристики на системот се такви да дел од работните активности не функционираат или системот не работи со полн капацитет	8 часа	24 часа	72 часа	5 дена
3 Мали, естетски недостатоци	- Системот/софтверот има недостатоци кои имаат мало влијание на работните активности на договорниот орган, односно овозможуваат користење на системот со намалена	16 часа	48 часа	5 дена	10 дена

[1]Носителот на набавката врши верификација на приоритетот
[2]Доколку не се санира во предвидениот рок, нивото на приоритет се подига автоматски за еден

Приоритет[1]	Дефиниција[2]	On-line одзив	On-site одзив	Време на санација	Време на решавање
	функционалност и/или работење				